НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), член 65-г, став 3 и член 65-д, став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21) и точки 11 и 14 од Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/21 и 149/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји**

**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/22)**

1. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија во висина од 0,5%.

2. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите кон други земји во висина на стапките што се утврдени од страна на надлежните органи на другите земји и коишто се објавени на интернет-страницата на Народната банка на Република Северна Македонија.

3. Банките се должни да ја применат оваа одлука и да ги вклучат стапките од точките 1 и 2 од оваа одлука во пресметките за утврдувањето на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за четвртото тримесечје од 2023 година.

4. До 31 јули 2023 година, стапките на противцикличниот заштитен слој на капиталот од точките 1 и 2 на оваа одлука изнесуваат 0%, а од 1 август 2023 година до 30 септември 2023 година стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот од точката 1 изнесува 0,5%, а стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот од точката 2 изнесува 0%.

5. Со започнувањето на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на

капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 175/22).

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 октомври 2023 година, освен точката 4, којашто ќе почне да се применува со влегувањето во сила на оваа одлука.

**О бр. 02-15/XVI-1/2022**
**30 септември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**